РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-418/8
12-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12 - 418/1 од 27.01.2025 година и кон него споен предмет 12 - 689/1 од 10.02.2025 година, оформени по пријава со наводи за сомневање за незаконско работење и злоупотреба во тендерска постапка во ЈП ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување по однос на предметниот случај од причина што за пријавените дејствија постапил друг надлежен орган кој преземал активности од своја надлежност и пред кој постапката е сеуште во тек.

Предметот со број број 12 - 418/1 од 27.01.2025 година и кон него споен предмет 12 -689/1 од 10.02.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, до ДКСК е поднесена пријава со наводи за сомневање за незаконско работење и злоупотреба во тендерска постапка во ЈП ///, по која е оформен предмет број број 12 - 418/1 од 27.01.2025 година. Кон предметот споен е предмет со број 12 -689/1 од 10.02.2025 година, кој е оформен по пријава од ист подносител и со исти предметни наводи, а со цел ДКСК по предметите да одлучува во единствена постапка.
Во конкретниот случај станува збор за постапка за јавна набавка на услуги – технички преглед на /// реализирана по јавен оглас број /// од страна на договорниот орган ЈП ///. Според наведеното во пријавата, избраниот економски оператор во постапката – ///, во моментот на изборот не го исполнувал условот од тендерската документација за поседување овластување за регистрација на моторни возила со посебна намена.

Предметната пријава била доставена на надлежно постапување и до други надлежни органи меѓу кои и до Управата за финансиска полиција.

Со цел утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара Одделението за внатрешна ревизија при /// да изврши контрола на предметната постапка за јавна набавка, а од Управата за финансиска полиција побарани се податоци и информации за исходот од нивното надлежно постапување за предметниот случај. По барањата на ДКСК доставени се бараните информации со прилог документација и по разгледување на истите утврдена е следната фактичка состојба:

-Одделението за внатрешна ревизија при /// известува дека не постапува по поединечни предмети туку постапува исклучиво по Годишен план за внатрешна ревизија каде се утврдени процеси и субјектите кои ќе бидат предмет на ревизија во тековната година.

-Управата за финансиска полиција постапила по истата пријава од 27.01.2025 година и при своето надлежно постапување биле информирани дека за предметниот случај веќе постапува СВР /// – /// кој ја обезбедил целокупната документација по однос на предметната јавна набавка. Поради тие причини Управата за финансиска полиција ја доставила добиената пријава до овој надлежен орган за нивно понатамошно постапување.

Од утврдената фактичка состојба за предметниот случај, ДКСК констатира дека за пријавените дејствија постапил друг надлежен орган - СВР /// - ///, кој при своето надлежно постапување преземал активности од своја надлежност и пред кој постапката е се уште во тек.

Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: Ј.Ц,раководител на одделение
Согласен: м-р. И.П., раководител на Сектор
Одобрил З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk